Судот не се произнесе по однос на одземените предмети од причини што доби сознание од ОЈО Скопје 36 КО.бр.1238/23 од 14.06.2023 година со кое се дојде до сознание да против сега обвинетиот П.И. е оформен кривичен предмет под КО.бр.1238/23 за кривично дело „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" по чл.396 од КЗ, па судот сметаше да до завршување на постапката по ова дело кога сигурно би се добило и сознание чии се поголемиот дел од предметите, посебно оружјето и муницијата кои се одземени со потврдата за одземени предмети бр.37 од 23.01.2023 година, па дури тогаш судот би можел да мериторно се произнесе што со наведените предмети, а воедно истото се однесува и за другите предмети кои би можеле да бидат предмет на вештачење.

Имајќи ја предвид изјавата на полномошникот на оштетените судот истите ги упати на редовен граѓански спор, а согласно чл.110 вв чл.114 од ЗКП.

Од сето погоре судот одлучи како во диспозитивот на оваа пресуда.

Од Основен суд Струмица заведено под К-230/23.

**Записничар,**
**Марјана Атанасова с.р.**

**Судија,**
**Борис Бержецки с.р.**

**ПОУКА**: Против оваа пресуда недоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот, преку овој, до Апелационен суд Штип.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- ОЈО С.
- Обвинет
- Бранител
- Оштетени